**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Бр: 10-6
Скопје: 23.01.2019

Врз основа на член 10, член 13 став (1) и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10) и член 2 став (1) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за доделување на државна помош поднесено од Министерството за економија бр. 10-6 од 11.01.2019 година, на седницата одржана на 23.01.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Предлог - Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија претставува **шема на помош** согласно член 4 став (1) точка 1 од Законот за контрола на државната помош и истата се **одобрува.**

2. Мерките за поддршка во вид на **премија** за производителите на електрична енергија од обновливи извори кои се стекнале со статус повластени производители на електрична енергија од обновливи извори претставуваат **државна помош** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош, и доделувањето на истите е дозволено под услов да се доделуваат согласно Насоките на ЕК за државна помош за заштита на животна средина и енергија (2014-2020), обврска која произлегува од член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош.

3. Вкупната финансиска поддршка согласно Предлог - Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година, од фотонапонски и ветерни електроцентрали, во износ од 30.000.000 (триесет милиони) денари се одобрува.

4. **Се задолжува** Министерството за економија во следните 10 години да подготви извештаи за доделената државна помош во тековната година и истите да ги достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата во

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

законски предвидениот рок. Во случај мерката за поддршка да се одржува и после 10 години од денот на влегување во сила на Предлог-Уредбата, се задолжува Министерството за економија да достави повторно известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата после тој временски период.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Министерството за економија како давател на државната помош, со допис бр. 12-273/1 од 11.01.2019 година (Наш бр. 10-6 од 11.01.2019 година) до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано доделување помош врз основа на Предлог – Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија и Предлог-Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Известувањето за планирано доделување на помош и оцени дека истото е целосно и ги содржи сите податоци потребни за оцена на помошта согласно член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи согласно член 15 од Законот за контрола на државната помош го испита известувањето при што го утврди следното:

**Давател на државната помош е: Министерството за економија.**

**Предлог-Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија** согласно член 4 став (1) точка 1) од Законот за контрола на државната помош **претставува шема на помош** односно правен акт врз основа на кој, без обврска за дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, може да се додели помош на корисници на државна помош кои не се однапред определени во шемата или секој правен акт врз основа на кој помош која не е поврзана со точно определен проект може да му се додели на едно или повеќе претпријатија за неопределен временски период и/или во неопределен износ.

**Мерките за поддршка** во вид на **премии** за производителите на електрична енергија од обновливи извори кои се стекнале со статус повластени производители на електрична енергија од обновливи извори претставуваат **државна помош** согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната

Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

помош заради фактот што таквата доделена помош подразбира расход т.е. намалени приходи на државата и истата ја нарушува или може да ја наруши конкуренцијата преку овозможување на економска предност на определено претпријатие која не би била можна без доделената државна помош или преку фаворизирање на производството на одредени стоки или давањето на одредени услуги.

На производителите на електрична енергија од обновливи извори кои се стекнале со статус на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори ќе им се доделува премија како дополнителен фиксен износ на цената која ја оствариле со продажбата на секој произведен KWh на пазарот на електрична енергија на големо. Премија според член 5 став (2) од Предлог-Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија (во понатамошниот текст: Предлог-Уредба) се доделува за повластен производител за произведена електрична енергија од ветерна и фотонапонска електроцентрала, при што инсталираната моќност на електроцентралата, според член 7 став (1) точка 1) од Предлог-Уредбата, не смее да биде поголема од 50 MW за ветерна електроцентрала и 30 MW за фотонапонска електроцентрала.

Според член 7 став (2) од Предлог-Уредбата, за повластениот производител да користи премија треба да биде избран на тендерска постапка со аукција за доделување на право за користење премии.

Според член 12 од Предлог-Уредбата тендерските постапки за доделување премии се спроведуваат најмногу за 10 години од денот на влегување на сила на ова Уредба. Од денот на склучување на договорот за користење на премија, повластениот производител има право да користи премија за електрична енергија произведена од ветерна електроцентрала во период од 20 години и фотонапонска електроцентрала во период од 15 години.

Во известувањето доставено од страна на Министерството за економија е наведено дека времетраењето на ова шема на помош ќе биде повеќегодишна бидејќи според Акцискиот план за обновливи извори на енергија процентуалното учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка во 2020 година треба да изнесува 23,9%, а во 2025 година треба да биде 25%. Понатаму е наведено дека според податоците од Државниот завод за статистика, уделот на обновливите извори на енергија во 2016 изнесувал 18%, а во 2017 година тој изнесувал 19,6% и дека горенаведените проценти треба да се постигнват преку изградба на нови постројки за обновливи извори на енергија, како и засилени мерки за енергетска ефикасност во согласност со Стратегијата за обновливи извори на енергија до 2020 година. Заради горенаведените причини, во Известувањето е наведено дека тендерските постапки ќе се спроведуваат најмногу 10 (десет) години. Доколку оваа мерка на поддршка продолжи и после десетте години, во пополнетото Известување е наведено дека Министерството за економија ќе достави Известување до Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно Насоките на ЕК за државна помош за заштита на животната средина и енергија 2014-2020.

Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Согласно член 3 став (3) од Законот за контрола на државната помош, според кој ...„во оцена на облиците на државна помош кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно член 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските Заедници и нејзините членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за државна помош во Европската унија„.. , Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека вaквите мерки за поддршка се дозволени под услов да се доделуваат согласно Насоките на ЕК за државна помош за заштита на животната средина и енергија 2014-2020 (2014/C 200/01), особено делот 3.3 кој се однесува на обновливите извори на енергија и делот 3.7.2. кој се однесува на помош во форма на намалување на финансирањето на поддршката на обновливи извори на енергија. Интенцијата на мерките за поддршка според горенаведените Насоки е постојано редуцирање на мерките за поддршка се до нивно целосно отстранување после извесен период заради потребата од интегрирање на обновливите извори на енергија на пазарот, односно постигнување на пазарен статус на ваквиот вид на енергија.

Со Предлог-Уредбата исто така се уредуваат: начинот на определување на износот на премии, начинот на исплата, како и периодот на нивно користење; содржината на одлуката и јавниот оглас за спроведување на тендерската постапка за доделување на премии; задолжителните елементи на договорот за право на користење на премија и договорот за користење на премија; документите кои се доставуваат во постапката за склучување на договорот за право на користење на премија и за склучување на договорот за користење на премија помеѓу Министерството за економија и повластениот производител кој користи премија ; и содржината, формата и начинот на водење евиденција на повластени производители кои користат премија.

Министерството за економија како дел од Известувањето, освен Предлог – Уредбата до Комисијата за заштита на конкуренцијата ја достави и Предлог – Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година. Во горенаведената Предлог- Програма е наведено дека износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадената електрична енергија за 2019 година е 30.000.000 (триесет милиони) денари (487.805 евра) и истите се предвидени со Буџетот на Република Македонија за 2019 година во делот „Развој на енергетиката – субвенции и трансфери„ на расходната ставка 464. Според член 6 од Предлог – Програмата, максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија за 2019 година се изразува во евроценти за киловатчас и изнесува: 15 евро центи за фотонапонски електроцентрали и 27 евро центи за ветерни електроцентрали. Исплатата на средствата според член 8 од Предлог – Програмата ќе се врши од страна на Министерството за економија на месечно ниво, врз основа на доставена фактура за произведена и продадена електрична енергија за календарски месец, при што износот на плаќање се изразува во денари според средниот курс на НБРМ на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата. Кон фактурата се доставуваат и докази како што

Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

се: фактура за испорачена електрична енергија на купувачот и податоци на операторот на електропреносниот систем, односно електродистрибутивниот систем за измерена и испорачена енергија во соодветната мрежа.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Д-р Владимир Наумовски**